**Анкета за инфлациските очекувања и очекувањата за движењето на реалниот БДП**

**- септември 2018 -**

**Анкетата за инфлациските очекувања и очекувањата за движењето на реалниот БДП**[1] за периодот 2018 – 2020 година, спроведена во септември, не упатува на промени во очекувањата за просечната стапка на инфлација. Во однос на очекуваниот раст на БДП, тековната анкета покажува подобри очекувања, приспособување коешто економските аналитичари главно го објаснуваат со повисоките остварувања на економската активност во вториот квартал на годината.

**Како и во претходната анкета, економските аналитичари очекуваат постепено забрзување на инфлацијата и на економскиот раст во периодот 2018 – 2020 година.** Така, за 2018 година очекуваат дека **просечната стапка на инфлација** ќе изнесува 1,8%, а потоа минимално ќе забрза на 2,0% и 2,1% во 2019 и 2020 година, соодветно. Испитаниците ја објаснуваат нагорната патека на инфлацијата за наредните години со повеќе фактори, како што се зголемената минимална плата, повисоките цени на горивата и транспортните трошоци, алкохолните пијалаци и тутунот, очекуваниот раст на цената на нафтата на светскиот пазар, како и евентуалните секундарни ефекти од мерките на трговски протекционизам во глобални рамки. Во споредба со претходната анкета, разликите во очекувањата се занемарливи. Во поглед на економската активност, просечните очекувања за **реалниот раст на БДП** изнесуваат 2,1%, 2,8% и 3,2% за 2018, 2019 и 2020 година, соодветно. Испитаниците го поврзуваат закрепнувањето на активноста со забрзувањето на економскиот раст во вториот квартал, олабавување на монетарната политика, политичката стабилност, зголемените изгледи за забрзана европска и евроатлантска интеграција, довербата на инвеститорите, зголемување на инвестициската и извозната активност, најавените капитални инвестиции од страна на државата, како и со раст на личната потрошувачка поврзан со растот на платите, кредитирањето и вработеноста. Во однос на јунската анкета, испитаниците имаат очекувања за посилен раст на економијата во периодот од 2018 до 2020 година (за 0,3 п.п., 0,2 п.п. и 0,2 п.п., соодветно).

---

[1] Во 2017 година, Народната банка на Република Македонија направи промена во анкетното истражување „Анкета за инфлациските очекувања", коешто е преименувано во „Анкета за инфлациските очекувања и очекувањата за движењето на реалниот БДП" и чијашто нова структура го следи кварталниот прашалник за професионални прогнозери (Quarterly Survey of Professional Forecasters, https://www.ecb.europa.eu/stats/ecb_surveys/survey_of_professional_forecasters/html/index.en.html), што го спроведува Европската централна банка (ЕЦБ), а воедно ја промени и структурата на примерокот, којшто сега е составен само од економски експерти.







Покрај очекуваната стапка на инфлација и стапката на раст на БДП, во рамки на Анкетата, испитаниците даваат и свој поглед за **распределбата на веројатноста за остварување определени стапки во зададен интервал**. Овие оцени се користат за создавање на агрегатната распределба на веројатностите[2]. Агрегатната распределба на веројатностите за остварување на дадените стапки на инфлација и БДП во петнаесет интервали се прикажани на следниве графикони, а резултатите главно се совпаѓаат со стапките очекувани од страна на испитаниците.










[2] Агрегатната распределба на веројатностите претставува просек од оценетите веројатности од испитаниците за секој интервал на очекувана стапка на инфлација и стапка на раст на БДП.

Покрај непроменетите очекувања за просечната **стапка на инфлација** за 2018, 2019 и 2020 година во однос на претходната анкета, и прегледот на распределбата, во однос на просечната очекувана стапка, не упатува на позначително поместување на веројатностите во однос на претходната анкета.










Споредбата на **очекуваната стапка за раст на БДП** со распределбата на веројатностите упатува на поместувања во нагорна насока, што е во согласност и со повисоката просечна очекувана стапка на раст за периодот од 2018 до 2020 година.